РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Државен завод за статистика
REPUBLIC OF MACEDONIA
State Statistical Office

24.11.2008
Година/Year XLVI
Број/No: 6.1.8.65



## ДЕЛОВНИ ТЕНДЕНЦИИ - BUSINESS TENDENCY

## СООПШТЕНИЕ - NEWS RELEASE

# Оценка на раководителите на претпријатијата во преработувачката индустрија за тековната економска состојба на претпријатијата во октомври 2008 година

Според податоците на Државниот завод за статистика, тековната економска состојба на претпријатијата во октомври 2008 година, според раководителите на претпријатијата, е оценета како многу понеповолна во однос на претходните месеци. Оценката за тековната обезбеденост на производството со порачки, исто така, е оценета како понеповолна во однос на претходните месеци. Обемот на производството на претпријатијата во изминатите три до четири месеци варира и во тековниот месец бележи голем пад. Оценката за очекуваниот обем на производството за наредниот период е најнеповолна. Оценката за очекуваниот број на вработени е понеповолна. Залихите на суровини и репроматеријали, тековните набавки на суровини и репроматеријали, како и залихите на готови производи, во октомври 2008 година, се без поголеми промени и се под и околу нормалата. Во наредниот период, просечните набавни цени на инпутите ќе се намалат, како и просечните продажни цени на готовите производи. Просечното искористување на капацитетите на претпријатијата во октомври 2008 година, во однос на претходниот месец е намалено и изнесува 63.0% од нормалното искористување. Најголемо влијание на ограничувањето на обемот на производството во октомври 2008 година имаат следните фактори: недоволната домашна побарувачка со 15.8%, недоволната странска побарувачка со 13.2%, неизвесното економско опкружување со 11.0% и финансиските проблеми со 10.8%.

# Estimation of the managers of the industrial manufactory enterprises about the current business situation of the enterprises in October 2008

According to the data of the State statistical office the current business situation of the enterprises in October 2008 according to the managers of the enterprises is much more unsatisfactory than in the previous months. The situation with the present production orders supplying is also unsatisfactory compared to the previous months. In the past three-four months the volume of production of the enterprises varies and decreases very much for the current month. The assessment for the expected production volume is noted to be the most unsatisfactory. The expectation of the number of the employees is less satisfactory. The stocks of the raw materials and intermediate goods, present supplies of the production with raw materials and intermediate goods, in October 2008, are not with big changes and are around normal level. In the next period the average purchasing prices of the inputs will decrease, as well as the average selling prices of the finished goods. The enterprises average capacity utilization level in October 2008 is decreased compared to the previous month by 63.0% of normal utilization. The most important influence, limiting the production development in October 2008 refers to the following factors: insufficient domestic demand with 15.8%, insufficient foreign demand with 13.2%,uncertainty of the economic environment with 11.0% and financial problems with 10.8%.

За подетални информации јавете се кај: Кетрин Стрезовска
For further information please call: Ketrin Strezovska
✆ +389 2 3295 847
e-mail: ketrin.strezovska@stat.gov.mk

Издавач: Државен завод за статистика
Скопје, Даме Груев 4, П.фах 506
Тел. 02/3295-600, Факс 02/3111-336
publikum@stat.gov.mk; www.stat.gov.mk
При користење на податоците да се наведе изворот

Publisher: State Statistical Office
Skopje, Dame Gruev 4, P. box 506
Tel. 3892/3295-600, Fax 3892/3111-336
publikum@stat.gov.mk; www.stat.gov.mk
When using data state the source

## Тековна состојба на деловни тенденции во преработувачката индустрија октомври 2007 - октомври 2008

## Current situation of Business Tendencies in manufacturing industry October 2007 - October 2008

| | Баланси на пондерираните одговори по месеци<br>Balances of weightes by months | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | X.'07 | XI | XII | I.'08 | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | |
| **Оценка на тековната економска состојба** на претпријатијата | 8.7 | 8.8 | 8.9 | 5.1 | 4.5 | 6.6 | 5.9 | 7.2 | 10.3 | 10.2 | 12.0 | 9.3 | 6.1 | **Assessment of the present business situation** in the enterprises |
| **Оценка на обемот на производството** во претпријатијата во изминатите 3-4 месеци | 4.7 | 4.3 | 4.3 | 3.3 | 3.0 | 3.7 | 3.0 | 3.6 | 7.4 | 7.2 | 10.9 | 12.0 | 5.8 | **Assessment of the volume of the production** in the enterprises over the past 3-4 months |
| **Просечно искористување на капацитетот** во претпријатијата (во %) | 62.8 | 62.2 | 62.5 | 60.6 | 62.8 | 63.7 | 63.8 | 64.6 | 65.9 | 64.5 | 66.0 | 66.9 | 63.0 | **Average level of the present capacity utilization** in the enterprises (in %) |
| **Ограничувачки фактори** за зголемување на производството | | | | | | | | | | | | | | **Limitation factors (present situation)** for the increasing of the production |
| -нема | 1.9 | 1.2 | 1.4 | 1.6 | 2.0 | 1.3 | 2.5 | 1.1 | 1.2 | 1.5 | 1.1 | 2.2 | 1.4 | - none |
| -недостиг на суровини | 6.0 | 5.3 | 6.8 | 6.7 | 7.5 | 6.6 | 4.8 | 4.6 | 5.1 | 5.7 | 5.5 | 6.3 | 5.1 | - shortage of raw materials |
| -недостиг на опрема | 4.9 | 4.7 | 4.8 | 5.1 | 4.3 | 4.2 | 4.4 | 4.0 | 4.2 | 3.8 | 4.3 | 5.2 | 4.6 | - lack of equipment |
| -недостиг на енергија | 2.8 | 2.7 | 2.9 | 2.8 | 2.6 | 2.5 | 2.6 | 2.4 | 2.8 | 2.8 | 2.4 | 3.1 | 3.0 | - shortage of energy |
| -недостиг на квалификувана работна сила | 6.6 | 5.4 | 5.5 | 8.1 | 6.6 | 6.8 | 4.0 | 6.0 | 7.2 | 5.6 | 7.7 | 7.2 | 7.0 | - shortage of skilled labor |
| - недоволна домашна побарувачка | 15.3 | 15.4 | 16.0 | 13.5 | 12.7 | 14.4 | 15.8 | 15.5 | 15.1 | 16.4 | 16.0 | 16.8 | 15.8 | - insufficient domestic demand |
| - недоволна странска побарувачка | 10.9 | 10.5 | 12.0 | 10.0 | 12.1 | 11.9 | 12.7 | 13.0 | 11.9 | 11.1 | 14.0 | 13.2 | 13.2 | - insufficient foreign demand |
| - конкурентен увоз | 10.7 | 11.2 | 9.8 | 13.2 | 11.8 | 10.7 | 12.0 | 10.8 | 11.6 | 9.7 | 11.1 | 8.8 | 9.9 | - competitive imports |
| - финансиски проблеми | 12.8 | 12.5 | 11.8 | 11.8 | 11.2 | 12.0 | 11.6 | 12.3 | 12.7 | 12.3 | 11.9 | 11.7 | 10.8 | - financial problems |
| - нејасни економски закони | 10.1 | 9.9 | 8.7 | 7.9 | 8.9 | 8.6 | 9.6 | 9.7 | 9.4 | 10.2 | 7.4 | 7.5 | 8.7 | - unclear economic laws |
| - неизвесно економско опкружување | 10.3 | 12.0 | 11.3 | 12.5 | 11.7 | 12.2 | 12.5 | 13.4 | 11.7 | 13.9 | 11.9 | 10.1 | 11.0 | - uncertainty of the economic environment |
| - друго | 7.9 | 9.2 | 8.9 | 6.8 | 8.6 | 8.7 | 7.7 | 7.1 | 7.0 | 6.9 | 6.8 | 8.0 | 9.3 | - other |
| **Оценка на тековната обезбеденост на производството** со порачки | | | | | | | | | | | | | | **Assessment of the present level of assurance of the production** with orders |
| **вкупно** | -10.6 | -10.7 | -11.0 | -11.4 | -11.4 | -11.3 | -11.4 | -11.2 | -11.2 | -10.7 | -11.9 | -11.4 | -12.3 | **total** |
| а) домашни | -11.1 | -11.0 | -11.2 | -11.9 | -11.8 | -11.9 | -11.4 | -11.3 | -11.9 | -11.0 | -11.3 | -11.5 | -12.7 | a) domestic orders |
| б) странски | -10.5 | -11.0 | -11.3 | -11.1 | -11.7 | -11.7 | -11.7 | -11.6 | -10.2 | -10.6 | -12.8 | -11.9 | -11.9 | b) foreign orders |

Продолжува на страница 3 / Continuing on page 3

Издавач: Државен завод за статистика
Скопје, Даме Груев 4, П.фах 506
Тел. 02/3295-600, Факс 02/3111-336
publikum@stat.gov.mk; www.stat.gov.mk
При користење на податоците да се наведе изворот

Publisher: State Statistical Office
Skopje, Dame Gruev 4, P. box 506
Tel. 3892/3295-600, Fax 3892/3111-336
publikum@stat.gov.mk; www.stat.gov.mk
When using data state the source

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Државен завод за статистика
REPUBLIC OF MACEDONIA
State Statistical Office

24.11.2008
Година/Year XLVI
Број/No: 6.1.8.65



# Тековна состојба на деловни тенденции во преработувачката индустрија октомври 2007 - октомври 2008

# Current situation of Business Tendencies in manufacturing industry October 2007 - October 2008

| | Баланси на пондерираните одговори по месеци<br>Balances of weightes by months | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | X | XI | XII | I.'08 | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | |
| **Оценка на тековната состојба со залихите** на суровини и репроматеријали | | | | | | | | | | | | | | **Assessment of the present level of stocks,** raw materials and intermediate goods |
| **вкупно** | -6.7 | -6.7 | -6.8 | -9.7 | -9.5 | -9.8 | -9.9 | -9.0 | -7.6 | -7.4 | -10.3 | -8.0 | -9.3 | **total** |
| а) од домашен пазар | -7.0 | -7.0 | -7.0 | -9.9 | -9.4 | -9.5 | -9.9 | -9.1 | -7.9 | -7.5 | -10.3 | -8.1 | -8.8 | a) domestic market |
| б) од странски пазари | -6.8 | -6.5 | -7.0 | -9.6 | -9.7 | -9.8 | -9.5 | -9.3 | -7.9 | -7.8 | -10.6 | -7.5 | -8.6 | b) foreign market |
| **Оценка на тековните набавки** на суровини и репроматеријали | | | | | | | | | | | | | | **Assessment of the current supply** of the production with raw materials and intermediate goods |
| **вкупно** | -6.2 | -6.4 | -6.4 | -6.8 | -6.9 | -6.7 | -6.4 | -6.8 | -5.5 | -5.4 | -5.6 | -7.2 | -8.6 | total |
| а) од домашен пазар | -6.4 | -6.2 | -6.4 | -7.3 | -7.1 | -7.1 | -6.7 | -6.9 | -5.3 | -5.9 | -5.5 | -7.8 | -8.9 | a) domestic market |
| б) од странски пазари | -6.7 | -6.4 | -6.4 | -6.5 | -6.8 | -7.0 | -6.2 | -6.5 | -6.1 | -5.3 | -6.4 | -7.5 | -8.8 | b) foreign market |
| **Оценка на тековната состојба со залихите на готови производи** | 2.1 | 2.1 | 2.0 | 2.0 | 2.1 | 2.1 | 2.1 | 2.5 | 1.4 | 1.7 | 1.5 | 1.2 | 0.7 | **Assessment of the present stocks** of finished products |
| **Очекувања за обемот на производството** во претпријатијата во наредните 3-4 месеци | 25.6 | 24.1 | 23.9 | 23.3 | 24.5 | 25.7 | 26.4 | 28.5 | 31.8 | 31.5 | 30.6 | 22.5 | 16.3 | **Expectations of the volume of the production** during the next 3-4 months |
| **Очекувања за просечните набавни цени** на инпутите во наредните 3-4 месеци | 24.7 | 25.4 | 25.8 | 26.5 | 27.0 | 27.6 | 26.7 | 27.9 | 30.3 | 31.4 | 33.1 | 23.3 | 21.6 | **Expectations of the average purchasing prices of inputs** during the next 3-4 months |
| **Очекувања за просечните продажни цени** на готовите производи во наредните 3-4 месеци | 9.1 | 9.6 | 10.0 | 11.1 | 12.0 | 13.8 | 14.4 | 15.4 | 21.3 | 21.3 | 22.8 | 12.6 | 8.9 | **Expectations of the average selling prices of finished goods** during the next 3-4 months |
| **Очекувања за бројот на вработени** во наредните 3-4 месеци | -3.4 | -3.2 | -3.3 | -3.5 | -3.3 | -3.5 | -3.2 | -2.8 | -1.1 | -2.5 | -2.3 | -3.3 | -3.7 | **Expectations of the number of employees** during the next 3-4 months |

Издавач: Државен завод за статистика
Скопје, Даме Груев 4, П.фах 506
Тел. 02/3295-600, Факс 02/3111-336
publikum@stat.gov.mk; www.stat.gov.mk
При користење на податоците да се наведе изворот

Publisher: State Statistical Office
Skopje, Dame Gruev 4, P. box 506
Tel. 3892/3295-600, Fax 3892/3111-336
publikum@stat.gov.mk; www.stat.gov.mk
When using data state the source

**Оценка на тековната економска состојба на претпријатијата и обезбеденоста на производството со порачки**

**Assessment of the present business situation level and assurance of the production with orders in the enterprises**




**Оценка на обемот на производството, очекувања за обемот на производството и за бројот на вработените**

**Assessment of the volume of the production, expectations on the volume of the production and the number of employees**




Издавач: Државен завод за статистика
Скопје, Даме Груев 4, П.фах 506
Тел. 02/3295-600, Факс 02/3111-336
publikum@stat.gov.mk; www.stat.gov.mk
При користење на податоците да се наведе изворот

Publisher: State Statistical Office
Skopje, Dame Gruev 4, P. box 506
Tel. 3892/3295-600, Fax 3892/3111-336
publikum@stat.gov.mk; www.stat.gov.mk
When using data state the source

**Оценка на тековната состојба со залихи на суровини и репроматеријали, набавката на суровини и репроматеријали и залихите на готови производи**

**Assessment of the present level of stocks of raw materials and intermediate goods, supply of the raw materials and intermediate goods and stocks of finished goods**




**Очекувања за движењата на просечните набавни цени на инпутите и просечните продажни цени на готовите производи во наредните 3-4 месеци**

**Expectation of the movements of the average purchasing prices of inputs and of the average selling prices of finished goods during the next 3-4 months**




Издавач: Државен завод за статистика
Скопје, Даме Груев 4, П.фах 506
Тел. 02/3295-600, Факс 02/3111-336
publikum@stat.gov.mk; www.stat.gov.mk
При користење на податоците да се наведе изворот

Publisher: State Statistical Office
Skopje, Dame Gruev 4, P. box 506
Tel. 3892/3295-600, Fax 3892/3111-336
publikum@stat.gov.mk; www.stat.gov.mk
When using data state the source

**Просечно искористување на капацитетите на претпријатијата (во%)**
**Average level of the present capacity utilization in the enterprices (in%)**




**Ограничувачки фактори за зголемување на производството во %**
**Limitation factors for the increase of the production (in%)**




За подетални информации погледнете ја web - страницата на Државниот завод за статистика.

Further information about the statistics can be found on the web - page of the State Statistical Office.

Издавач: Државен завод за статистика
Скопје, Даме Груев 4, П.фах 506
Тел. 02/3295-600, Факс 02/3111-336
publikum@stat.gov.mk; www.stat.gov.mk

При користење на податоците да се наведе изворот

Publisher: State Statistical Office
Skopje, Dame Gruev 4, P. box 506
Tel. 3892/3295-600, Fax 3892/3111-336
publikum@stat.gov.mk; www.stat.gov.mk

When using data state the source

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Државен завод за статистика
REPUBLIC OF MACEDONIA
State Statistical Office

24.11.2008
Година/Year XLVI
Број/No: 6.1.8.65



## МЕТОДОЛОШКИ ОБЈАСНУВАЊА

### Цел на истражувањето

Основната цел на истражувањето за деловните тенденции во преработувачката индустрија е да се добијат брзи податоци за тековната состојба и очекуваните движења на главните економски показатели во претпријатијата, а со тоа и во посебните оддели на дејности и преработувачката индустрија во целина.

Овие податоци можат да се користат при донесувањето на краткорочните деловни одлуки на претпријатијата, како и водењето на краткорочната економска политика на земјата.

Статистичките серии што се добиваат од ова истражување се особено поволни за набљудување на деловниот циклус и за прогнозирање.

Месечното статистичко истражување за деловните тенденции во преработувачката индустрија, Државниот завод за статистика започна да го спроведува од април 2001 година. Методологијата и прашалникот за ова истражување се подготвени според препораките на OECD за хармонизирање на овие истражувања, со што се овозможува и директна споредливост на податоците.

### Вид на истражувањето

Истражувањето за деловните тенденции во преработувачката индустрија е **квалитативно истражување кое ја користи техниката на испитување на мислењата.** Тоа **обезбедува квалитативни** (добра, задоволителна, лоша, зголемен, непроменет, намален и сл.), **а не квантитативни** (нумерички) **податоци од раководителите** (менаџери, директори или други членови на раководниот тим) **на претпријатијата. Тие во своите одговори даваат оцена за тековната состојба на главните економски показатели во нивните претпријатија и ги искажуваат своите очекувања за движењата на тие показатели во блиска иднина.**

Продолжува на страница 8

## METHODOLOGICAL EXPLANATION

### Purpose of the Survey

The main purpose of the Business Tendency Survey in Manufacturing industry is to obtain quick information on the current situation and expectations about further movements of the main economic indicators in enterprises, divisions of the National Classifications of Activities and Manufacturing industry as a whole.

This data can be used for the short-term business decisions in the enterprises as well as for the creating of the short-term economic policy of the country.

The statistical series derived from business survey are very suitable for business cycle monitoring and forecasting.

The State Statistical Office of the Republic of Macedonia has been conducting the monthly Business Tendency Survey in Manufacturing industry since April 2001. Methodology and questionnaire for this survey are prepared in accordance with the recommendations of OECD for harmonization of these surveys, in which way the direct comparability of the data its enabled.

### Type of Survey

Business Tendency Survey in Manufacturing industry **is qualitative survey that uses opinion-testing techniques.** It **collects qualitative** (good, satisfactory, bad, up, unchanged, down etc.), **not quantitative** (numerical) **data from business managers on their assessment of the current situation of the main economic indicators in their enterprises and their expectations for the directions of movements of those indicators in the near future.**

Continuing on page 8

Издавач: Државен завод за статистика
Скопје, Даме Груев 4, П.фах 506
Тел. 02/3295-600, Факс 02/3111-336
publikum@stat.gov.mk; www.stat.gov.mk

Publisher: State Statistical Office
Skopje, Dame Gruev 4, P. box 506
Tel. 3892/3295-600, Fax 3892/3111-336
publikum@stat.gov.mk; www.stat.gov.mk

При користење на податоците да се наведе изворот

When using data state the source

## Примерок

Истражувањето за деловните тенденции во преработувачката индустрија се спроведува на примерок од 200 претпријатија класифицирани во одделите 15-36 од Националната класификација на дејности (НКД), од кои 109 претпријатија се намерно избрани, а 91 случајно.

Намерниот избор на 109-те претпријатија е извршен според критериумот да бидат опфатени претпријатијата со најголема реализирана вредност во соодветниот оддел на дејности од НКД, а пак случајниот избор на останатите 91 претпријатие е направен пропорционално според бројот на претпријатијата во соодветниот оддел на дејности од НКД.

## Пондерирање

Секој индивидуален одговор во обработките се пондерира што значи му се дава соодветна тежина што ја одразува важноста, односно големината на секое претпријатие. Пондерирањето на секој одговор се врши со бројот на вработените во претпријатието и неговата реализирана вредност.

Резултатите од обработките на одговорите на секое прашање се прикажуваат во форма на баланси. Балансот претставува разлика помеѓу пондерираните позитивни и негативни одговори, изразена во проценти. **Балансот го покажува движењето на набљудуваниот економски показател, а не неговата вистинска големина.**

Структурата (изразена во проценти) на ограничувачките фактори на производството се пресметува како учество на пондерираните одговори за соодветниот фактор во вкупниот број на пондерираните одговори за сите фактори.

## The sample

The sample for the Business Tendency Survey in Manufacturing industry includes 200 enterprises classified in the division No 15 to 36 of the National Classification of Activities (NACE), from which 109 enterprises are purposively selected and 91 enterprises are randomly selected.

The purposive selection of the 109 enterprises was done by the criteria of including enterprises with largest turnover in the appropriate division of the NACE. The random selection of the 91 enterprises was done accordingly to the proportion of the number of enterprises in the appropriate division of the NACE.

## Weighting

Each individual answer is weighte during the processing, which means that each individual answer receives appropriate significance according to the size of each enterprise. The number of employees in the enterprise and the value of the turnover are used as weighting variables.

The data are generally presented in the form of balances. The balance is obtained by taking the difference between weighted positive and negative answers expressed in percent. **The balance shows the movement of the observed economic indicators and not their real size.**

The percentage of factors limiting production is calculated as proportion of weighted answers for appropriate factor in the total number of weighted answers for all factors.

Издавач: Државен завод за статистика
Скопје, Даме Груев 4, П.фах 506
Тел. 02/3295-600, Факс 02/3111-336
publikum@stat.gov.mk; www.stat.gov.mk
При користење на податоците да се наведе изворот

Publisher: State Statistical Office
Skopje, Dame Gruev 4, P. box 506
Tel. 3892/3295-600, Fax 3892/3111-336
publikum@stat.gov.mk; www.stat.gov.mk
When using data state the source